Република Северна Македонија

**Јавно претпријатие за државни патишта**

Бр. ____________
Скопје, ____________ година

Врз основа на член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија " бр.167/15 – пречистен текст, бр.27/16, 120/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.110/2019) и член 20-г и член 20-д од Законот за вработени во јавен сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019) Јавното претпријатие за државни патишта, со седиште на ул.„Даме Груев" број 14, во Скопје, објавува

ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 2А/2019

за вработување на неопределено време на работници – помошно – технички лица во Јавното претпријатие за државни патишта за следното работно место

1. КДР0401А03005 Хигиеничар, во Одделението за човечки ресурси и општи работи во Секторот за правни работи, човечки ресурси и општи работи – 1 **(еден) извршител** со исполнување на следните посебни услови:
   - Образование - најмалку ниво на квалификации I или основно образование
   - Работно искуство – најмалку една година работно искуство
   - Дневното работно време од 08,00/8.30 часот до 16.00/16.30 часот или од 12,00 часот до 20.00 часот
   - Работното време е распоредено во една смена и трае 8 часа дневно
   - Работа во работни денови – од понеделник до петок
   - Неделното работно време изнесува 40 часа
   - Основната плата изнесува 17.690,00 денари

Покрај горененаведените посебни услови, предвидени со Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр.02-11513/1 од 29.11.2017 година, бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година, бр.02-8770/1 од 13.08.2019 година и 02-11571/1 од 29.10.2019 година, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување предвидени со Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за државни патишта бр.02-11513/1 од 29.11.2017 година, бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година, бр.02-8770/1 од 13.08.2019 година и 02-11571/1 од 29.10.2019 година и тоа:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Кон пријавата заинтересираните кандидати треба да доставаат:

- Доказ дека не им е изречена забрана на вршење професија, дејност или должност;

- Уверение / диплома за завршен степен на образование,
- Потврда/доказ за работно искуство
- Лекарско уверение за општа работна способност
- Уверение за државјанство.

Доказите за исполнување на условите треба да бидат во оригинална форма или копија заверена кај нотар.

Вработувањето ќе биде на неопределено време.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2019 год. се : Турчин(ка)

Рокот за пријавување на кандидатите е 3 (три) работни дена, од денот на објавувањето на огласот во дневен печат.

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рок од 45, 90 или 120 дена по истекот на рокот за пријавување, во зависност од бројот на пристигнатите пријави.

Лице за контакт Биљана Цветковиќ.

Контакт телефон 02/3118- 044.

Заинтересираните кандидати можат да аплицираат за вработување со доставување на пријава за вработување (ПРИЈАВАТА МОЖЕ ДА СЕ ПРЕВЗЕМЕ ОД WEB СТРАНАТА НА ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА www.roads.org.mk ИЛИ ПАК ОД ПРИЈАВАНИЦАТА НА ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА) со контакт податоци и документи/докази за исполнување на условите за вработување на адреса на Јавното претпријатие: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ул.„Даме Груев“ бр. 14 , 1000 Скопје или во писарницата на Јавното претпријатие за државни патишта, со назнака „за јавен оглас број 2А/2019 за вработување на неопределено време на работници – помошно – технички лица во Јавното претпријатие за државни патишта“.

**Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно, со точни податоци и изјава дадена под материјална и кривична одговорност со која кандидатот потврдува дека податоците од пријавата се точни, а доставените докази оригинал или верни на оригинал.**

***КАНДИДАТИТЕ СЕ ДОЛЖНИ ВО ПРИЈАВАТА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА НАВЕДАТ ПО КОЈ БРОЈ НА ОГЛАС КОНКУРИРААТ И ЗА КОЕ РАБОТНО МЕСТО АПЛИЦИРААТ***.

Некомплетната и ненавремената документација нема да се земе во предвид при разгледувањето на пријавите.

Постапката за избор на кандидатите ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта.

По завршување на постапката на селекција на кандидатите, за извршениот избор секој кандидат ќе биде писмено известен.

| ПРИЈАВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **1. податоци за огласот** | | | |
| број и датум на објавување на јавниот оглас | | | |
| **2. податоци за работното место** | | | |
| назив на работно место | | | |
| шифра на работно место | | | |
| **3. податоци за кандидатот** | | | |
| Име | Презиме | | |
| Матичен број | | | |
| Датум на раѓање | | | |
| Место на раѓање | | | |
| Адреса и место на живеење | | | |
| Електронска адреса | | | |
| Контакт телефон | | | |
| Припадност на заедница | | | |
| Кратко мотивационо писмо | | | |
| **4. кратка биографија** | | | |
| | | | |

| 5.изјава за исполнување на општите услови за работното место со ДА/НЕ за секој услов поодделно | |
|---|---|
| Да е државјанин на Република Мкаедонија | ДА / НЕ |
| Активно да го користи македонскиот јазик | ДА / НЕ |
| Да е полнолетен | ДА / НЕ |
| Да има општа здравствена способност за работното место | ДА / НЕ |
| Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или дол | ДА / НЕ |
| **6. Изјава за исполнување на посебни услови за работното место со ДА/НЕ за секој услов поодделно** | |
| Да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место | ДА / НЕ |
| Да има соодветно работно искуство потребно за работното место | ДА / НЕ |
| Да поседува соодветни посебни работни компетенции потребни за работното место | ДА / НЕ |
| | |
| **7. Изјава под материјална и кривична одговорност со која потврдувам дека податоците од пријавата се точни, а доставените докази се оригинал односно верни на оригинал**<br><br>ДА / НЕ | |
| | |

**датум на пријавување**

______________________

**Потпис на кандидатот**

______________________